Република Северна Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ПРИЈАВА
# за промена на фискален систем на опрема

**ФА-02**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Резервен фискален апарат ☐ Да ☐ Не

ДДВ обврзник ☐ Да ☐ Не ☐ Во процедура

Датум и број на прием

## ПОДАТОЦИ ЗА ДАНОЧНИОТ ОБВРЗНИК

| | |
|---|---|
| ЕДБ | |
| Назив и адреса на вистинско седиште | Телефон |
| Назив и адреса на деловен објект | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПРОМЕНА

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Адреса на деловен објект | Постоечка адреса | | | | |
| | Нова адреса | | | | |
| Тип на фискален апарат | Шифра | | Опис | | |
| Модел на фискален апарат | Шифра | | Опис | | |
| Тип на електронски систем | Шифра | | Опис | | |
| Модел на електронски систем | Постоечки систем | Шифра | | Опис | |
| | Нов систем | Шифра | | Опис | |
| Регистарски број на фискален апарат | | | | | |
| Регистарски број на фискална меморија | Постоечки број | | | | |
| | Нов број | | | | |
| Трговско друштво за техничко одржување и сервисирање | Назив | | | | |
| | ЕДБ | | Телефон | | |

## ПРИЧИНА ** внесете "x"*

☐ Пополнување на капацитетот на фискалната меморија ☐ Оштетување на фискална меморија ☐ Оштетување на електронски систем ☐ Промена на адреса на деловен објект

## ПРИЛОЗИ

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Фотокопија од испратница/фактура за купена фискална опрема | Број | | Датум | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА ПРИЈАВАТА

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Име и презиме | | Потпис и печат | | М.П. |
| Својство | | Датум на поднесување | . . | |

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**ФА-02**

Врз основа на член 42 од Правилникот за издавање на документ касова сметка за сторна трансакција и за функционалните и техничките карактеристики кои треба да ги имаат фискалните апарати и интегрираниот автоматски систем на управување („Службен весник на РМ", бр. 55/01...141/10), по извршената промена на фискалната меморија, адреса или електронскиот систем, даночниот обврзник промената ја пријавува во Управата за јавни приходи и кај овластениот сервисен центар заради ажурирање на промената во Регистарот на фискализирани фискални апарати по даночни обврзници и деловни објекти.

- **Резервен фискален апарат** - во зависност од тоа дали фискалниот апарат се регистрира како редовен или резервен, означете со "x" едно од полињата.
  Пример: Ако фискалниот апарат го регистрирате како редовен, се означува полето "Не".

- **ДДВ обврзник** - во зависност од тоа дали сте ДДВ обврзник, не сте ДДВ обврзник или сте во процедура за регистрација за ДДВ, означете со "x" едно од полињата.

## Податоци за даночниот обврзник

- **ЕДБ** - впишете го Единствениот даночен број на субјектот.
- **Назив и адреса на вистинско седиште** - впишете го називот и адресата на вистинското седиште на субјектот и контакт телефон.
- **Назив и адреса на деловен објект** - впишете го називот на деловниот објект каде што ќе се инсталира фискалниот апарат.
  Пример: ул „Даме Груев" бр. 25/1, Продавница бр. 12
  За автопревозниците се впишува регистарскиот број на возилото и видот на возилото.
  Пример: Автобус СК-222-ХХ
  Кај мобилните апарати за користење на отворено се впишува место на вршење дејност и број на тезга, паркинг или домашна адреса.
  Пример: Зелен пазар, тезга бр. 250
  Забелешка: При промена на адреса на деловен објект, во ова поле се впишува постоечката адреса на деловниот објект.

## Податоци за промена

- **Адреса на деловен објект** - се внесува постоечката адреса и новата адреса на деловниот објект каде се пренесува фискалната опрема.
  Забелешка: Ова поле се пополнува во случај на промена на адреса на деловен објект, односно при преместување на фискалната опрема во друг деловен објект.
- **Тип на фискален апарат** - се внесува шифрата и краток опис на фискалниот апарат.
  Пример: 04 Фискален принтер
- **Модел на фискален апарат** - се внесува шифрата и краток опис на фискалниот апарат.
  Пример: 110 МИКРО-Т
- **Тип на електронски систем** - се внесува шифрата и краток опис на електронскиот систем.
  Пример: 06 Електронски систем за бензински пумпи
  Забелешка: Полето се пополнува во случај кога се менува фискалната меморија на апаратот кој е дел од системот или кога се менува системот.
- **Модел на електронски систем** - се внесува шифрата и краток опис на постоечкиот и новиот модел на електронски систем.
  Пример: постоечки 600 ВИВО 1.1; нов 610 АНДА МКПК
  Забелешка: Полето се пополнува во случај кога се менува фискалната меморија на апаратот кој е дел од системот или кога се менува системот.
- **Регистарски број на фискален апарат** - се внесува само бројот на фискалниот апарат.
  Пример: DY 120005000
- **Регистарски број на фискална меморија** - се внесува постоечкиот и новиот број на фискална меморија.
  Пример: постоечки DA 100001001; нов DA 100002002
- **Трговско друштво за техничко одржување и сервисирање** - се внесува Единствениот даночен број (ЕДБ), краток назив и телефон за контакт на трговското друштво со кое имате склучено договор за техничко одржување и сервисирање.

## Причина

Во оваа рубрика впишете "x" во едно од четирите полиња, во зависност од која причина барате промена на фискалниот систем на опрема.

## Прилози

Во прилог на оваа Пријава задолжително поднесете фотокопија од испратница/фактура за купена фискална опрема.
Во полето се внесува бројот и датумот на испратницата/фактурата на фискалната опрема.

## Податоци за подносителот на пријавата

Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, како и датумот на поднесување на пријавата.
Не заборавајте своерачно да ја потпишете оваа пријава и да ставите печат.



** Образецот е објавен на веб страницата на УЈП http://www.ujp.gov.mk/mk/obrasci/opis/12 и важи од 24.12.2012 година*